До: **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен** - Скопје

(имател на информацијата)

14.11.2022

1005- 998/1

1005
3
10 2022

## БАРАЊЕ
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/ 01.02.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**1. Да ми се достави копија (со потврда дека е верна на оригиналот) од ваше донесено Решение под Уп.бр.1104-475 од 14-01-2021г. како и доказ од кој може да се утврди кога истото е испратено и примено од првостепениот орган МТСП.**

______________________________________________

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија** (со потврда дека е верна со оригиналот)
- г) електронски запис
- д) друго ___________________________

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- **а) по пошта** ( со препорачана пратка )
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател** на информацијата:

**Владо и Стефан Ушлиновски бул. Партизански Одреди бр.78/18 Скопје.**
(странка во наведениот предмет од кои се барат информациите)

______________________________________________

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

**НАПОМЕНА:** во иднина пратките да се доставуваат на следната адреса:бул.Партизански Одреди бр.78/18 Скопје

Подносител: [redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

17.11. 2022 година

**Архивски број:** 1005-998/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-998/1 од 14.11.2022 година поднесно од лицата [redacted] **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО**.

### Образложение

Лицата [redacted] на ден 14.11.2022 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( во понатамошниот текст: Државна комисија) доставија Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и истото во Државната комисија е заведено под број 1005-998/1.

Во барањето е наведено дека врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019) подносителите од имателот, во случајов Државната комисија бараат да им се достави копија ( со потврда дека е верна на оригиналот) од донесено Решение Уп.бр.1104-475 од 14.01.2021 г., како и доказ од кој може да се утврди кога истото е испратено и примено од првостепениот орган МТСП.

Формата во која се бара информацијата е фотокопија ( со потврда дека е верна со оригиналот), а начинот на доставување на информацијата е по пошта ( со препорачана пратка).

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од лицата [redacted] да го одбие како неосновано од следниве причини:

На ден 14.11.2022 г. лицата Владо и Стефан Ушлиновски до Државната комисија доставија Барање за пристап до информации од јавен карактер. Во самото барање е наведено дека подносителитете на истото, согласно член 4 и член 12 од Законот за


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

слободен пристап до информации од јавен карактер од имателот ја бараат следнава информација од Јавен карактер:

- Решение од Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен по жалба број 1104-475 од 14.01.2022 г., како и доказ од кој може да се утврди кога истото е испратено и примено од првостепениот орган МТСП.

Формата во која се бара информацијата е фотокопија ( со потврда дека е верна со оригиналот), а начинот на доставување на информацијата е по пошта ( со препорачана пратка).

Постапувајќи по поднесеното Барање, Државната комисија донесе одлука истото да го одбие како неосновано од причина што во конретниот случај не се работи за барање од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во овој случај се работи за барање од личен карактер и подносителите на барањето своите права и приватни интереси можат да ги остварат согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја и правната заштита може да ја остварат согласно тие закони. Во конкретниот случај, подносителите до Државната комисија може да се обратат со писмен допис во кој ќе го образложат своето барање.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, барателите има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова